**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 , член 45-а и член 108-а став 11 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/2021) и согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци и Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци бр.08-2172/1 од 21.09.21г. како и согласно Правилникот за начинот на унишување на документи, како и начинот за уништување, бришење и чистење на медиум во Државна изборна комисија бр. 08-2176/1 од 21.09.21г. и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 05-07-2022 година донесе:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА У П А Т С Т В О

## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ЧУВАЊЕ, ОБРАБОТКА И БРИШЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ОТПЕЧАТОЦИ ОД ПРСТИ ОД ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК број 11-2487/1 од 10.10.2021 година

### Член 1

Со ова упатство се уредува начинот и постапката за чување, обработка и бришење на личните податоци (отпечатоци од прсти) од Избирачкиот список, кои во електронски облик се внесени во централниот систем инсталиран во просториите на Државна изборна комисија и во уредите за биометриска идентификација на гласачите.

Под обработка на личните податоци се подразбира секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

### Член 2

Личните податоци во Избирачкиот список, кои се претходно доставени од страна на Министерството за внатрешни работи до Државна изборна комисија, се чуваат во централен систем кој е инсталиран во просториите на Државната изборна комисија и е составен од сервери, систем за складирање податоци, уреди за мрежно поврзување и работни станици за администрирање на централниот систем.

Пристап до податоците од ставот 1 на овој член во централниот систем имаат само лицата кои се овластени од Државната изборна комисија, да ги експортираат и импортираат податоците, кои се обработуваат во централниот систем, до преносливите уреди за биометриска идентификација на гласачите кои се користат на денот определен за гласање, а за што имаат потпишано Изјава за заштита на личните податоци.